Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 4331/2
08.06.2023 г.

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 385 став 1 од Законот за трговските друштва, член 22 став 1 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување "МАКЕДОНИЈА" Скопје - Виена Иншуренс Груп (Друштво), член 163 став 1 точка 1 од Законот за супеврвизија на осигурување и член 39 став 2 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност (Правила за котација), Управниот одбор на Друштвото, на својата 502та редовна седница, одржана на 08.06.2023 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**за свикување на акционерско собрание**

1. Се свикува акционерско Собрание на Друштвото.

2. Седницата на Собранието се свикува согласно одредбите од Законот за трговските друштва преку објавување на јавен повик со содржина која се однесува на друштво чии акции котираат на берза, односно на друштво кое согласно одредбите од Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување.

3. Собранието ќе се одржи на ден 11.07.2023 година (ВТОРНИК), во Скопје, во седиштето на Друштвото на ул.11 Октомври Бр.25, со почеток во 08.00 часот.

4. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик за свикување на Собранието ќе се објават на СЕИ - НЕТ системот на Македонската Берза за Хартии од вредност согласно Правилата за котација.

5. За донесувањето на оваа ќе се извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

6. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик од став 2 ќе се објават на насловната страница на официјалната интернет страница на Друштвото.

7. Јавниот повик, од став 2, со содржина на дневен ред, е составен дел на оваа Одлука.

8. Се задолжува Бошко Андов, Претседател на управниот одбор на Друштвото да ги преземе сите неопходни дејствија предвидени во Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, а со цел одржување на предметното Собрание.

9. Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Согласно член 385 став 1 од ЗТД, како и член 22 став 1 од Статутот на Друштвото, кога тоа го бара интересот на Друштвото и акционерите, во времето помеѓу две годишни собранија, може да се свика собрание. Членот 408 од Законот за трговските предвидува дека одлуката која е донесена на собрание кое не е свикано во согласност со одредбите од законот и одредбите од

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

статутот на друштвото е ништовна. Од причина што согласно одредбите од Законот за хартии од вредност Друштвото е со посебни обврски за известување, седницата на Собранието ќе се свика согласно одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на друштва со посебни обврски за известување.

Во членот 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување е предвидена обврска за редовно известување на Агенцијата за супервизија на осигурување во случај на свикување на собрание на акционери на Друштвото. Членот 39 став 3 од Правилата за котација определуваат дека издавачите од сите подсегменти се должни да го објават јавниот повик за одржување на собрание на акционери на насловната страница од својата официјална интернет страница, во најмалку еден дневен весник, како и на интернет страницата на Берзата преку СЕИ - НЕТ системот.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на управен одбор**

-------------------------------
Бошко Андов

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 4331/2-1
08.06.2023 г.

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 385, 387 и 388-а од Законот за трговските друштва, член 22 став 1 и член 23 и 24 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштво), како и член 39 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, а согласно Одлуката за свикување на акционерско обрание на Друштвото бр.02-4331/2 од 08.06.2023 година донесена на 502$^{та}$ седница на Управниот одбор, Управниот одбор на Друштвото го објавува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за свикување на акционерско собрание**

## 1. ДАТУМ, ЧАС И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ

Акционерско собрание на Друштвото ќе се одржи на **11.07.2023 година (ВТОРНИК)** во седиштето на Друштвото, ул."11 Октомври" бр.25 во Скопје, со почеток во 08.00 часот.

## 2. ДНЕВЕН РЕД

За седницата се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

### А. Процедурален дел:

1. Отварање на Собранието,
2. Верификација на список на присутни акционери, односно нивни полномошници.
3. Утврдување на кворум за работа на Собранието.
4. Избор на органи на Собранието (претседавач и бројачи на гласови).
5. Утврдување на записничар на Собранието.

### Б. Работен дел:

1. Разгледување и донесување на одлука за отпочнување на статусна промена - присоединување на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје, како друштво што се присоединува, кон Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, како друштво што презема.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно нотирани на дневниот ред, а согласно Статутот на Друштвото и одредбите од Законот за трговските друштва.

## 3.ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на седницата на Собранието има секој акционер на Друштвото, лично или преку овластен полномошник којштo ќе го застапува со давање на полномошно во писмена форма, согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

Согласно член 400 - а од Законот за трговските друштва, Друштвото им овозможува на акционерите да гласаат со коресподенција (без физичко присуство) пред денот на одржување на Собранието. Друштвото пред да им овозможи на акционерите да гласаат со коресподенција може да побара претходно тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал по избор на акционерите без обврска за истите да заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен органи.

Обрасците за гласање по пат на коресподенција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификација на акционерите се достапни на интернет страната на Друштвото.

Пополент образец за гласање по пат на коресподенција треба да се доства до Друштвото пред одржувањето на Собранието, најдоцна до 10.07.2023 година (Понеделник). Заедно со пополнетиот образец за гласање по пат на коресподенција акционерот до Друштвото треба да достави и документ за идентификација.

## 4.ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото е должен да го пријави своето учество (пријава за учество на Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата. Пријавите се доставуваат до архивската служба на Друштвото на адреса:

**МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп**
**ул."11 Октомври" бр.25 Скопје, со назнака**
**"Пријава за учество на Собрание"**

## 5. ВКЛУЧУВАЊЕ НА ТОЧКИ ВО ДНЕВЕН РЕД И ПРЕДЛАГАЊЕ НА ОДЛУКИ

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред на седницата на Собранието, со барање за вклучување на нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка или ако предложат одлука по предложената точка.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат донесување на одлуки по точките од дневниот ред или по точките кои ќе бидат вклучени во дневниот ред.

Акционерите, барањето за вклучување на точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки можат да го достават до Управниот одбор на Друштвото преку архивската служба на Друштвото, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на овој Јавен повик.

Подетални информации можат да се најдат на официјалната интернет страницата на Друштвото.

## 6. ПОЛНОМОШНИК

Акционер може да овласти со полномошно друго физичко лице или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието на Друштвото, кое ќе учествува или гласа на седницата во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое дадено полномошно. Со писменото известување потребно е до Друштвото да се достави и предметното полномошно. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал истото. Писменото известување се доставува до Управниот одбор на Друштвото преку архивската служба на Друштвото.

Онаму каде полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот. Полномошникот мора да води запис за добиените инструкции за гласање, ако имало такви, и да ги чува најмлаку 1 (една) година од денот на одржување на седницата на Собранието, како и да потврди дека ги извршил тие инструкции ако тоа му го побара Друштвото или акционерот од кого добил овластување.

## 7. ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРАШАЊА

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките во дневниот ред. Одговорите на поставените прашања ќе се објават на официјалната интернет страницата на Друштвото, а согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

## 8. МАТЕРИЈАЛИ

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на предметното Собрание се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвото во Скопје, на адреса ул. "11 Октомври" бр.25 Скопје, од 10:00 часот до 12:00 часот и истите се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото, како и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

Детални информации за начинот на предлагање точки на Дневниот ред, поставување на прашања и предлагање на одлуки од страна на акционерите можат да најдат на официјалната интернет страница на Друштвото.

**9.ОФИЦИЈАЛНА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА ДРУШТВОТО**

Официјалната интеренет страница на Друштвото е www.insumak.mk

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на управен одбор**

---------------------------------
Бошко Андов